РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-1324/10
13.08.18 год
КОЧАНИ

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
УВОЗ ИЗВОЗ
ЕЛЕКТРИКА дооел
Бр. 03-47/18
10-08-2018 год
КОЧАНИ

# ДОГОВОР

*Склучен помеѓу:*

1. **Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул."Раде Кратовче" бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во понатамошниот текст: **Договорен орган)** и
2. **„Електрика" ДООЕЛ Кочани**, со седиште на ул. "Орце Николов" бр.22, Кочани, застапувано од управителот Јоцо Јованов, со ЕДБ: 4013999109623 и ЕМБС: 5283558, жиро с-ка 200000029387403, Стопанска банка (во понатамошниот текст: **Носител на набавката).**

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавната набавка, со кој Носителот на набавката се обврзува да набави (испорача и монтира) определена стока во договорен рок, а Договорниот орган се обврзува да му исплати определена цена за тоа, е:

**Набавка на материјали (со работна рака) за улично осветлување, и тоа:**
**ДЕЛ 1. Набавка на материјали (со работна рака) за тековно одржување на улично осветлување**
**ДЕЛ 2. Набавка на материјали (со работна рака) за ново улично осветлување**

Предметот на набавка од ст. 1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација бр.05-1324/3 од 21.06.2018 год., изработена од Договорниот орган, а по Одлука за јавна набавка бр.05-1324/2 од 20.06.2018 год., за спроведување на Отворена постапка, со објавување на Оглас бр.05-1324/4/2018 на ЕСЈН и во „Службен весник на РМ" бр. 117/18, постапка која се спроведува во електронска форма и завршува со е-Аукција на ЕСЈН, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка.

**Член 2**

Предметот на договорот за јавна набавка опфаќа купување на стоки (материјали) за улично осветлување со вклучена работна рака за монтажа на стоките и изградба на ново улично осветлување, во зависност од потребите на Договорниот орган, согласно Програмата за јавно осветлување за 2018 год. донесена од Советот на Општина Кочани и техничката спецификација, како и важечките прописи, правила и стандарди за ваков вид на набавка.

**Член 3**

Со овој Договор, Договорниот орган и Носителот на набавката ги регулираат своите права и обврски.

***Вредност на договорот***

**Член 4**

**Вкупната вредност на договорот за јавна набавка изнесува: 1.812.457,00 ден. без вклучен ДДВ 18 %, односно 2.138.699,26 со ДДВ, од кои:**

- **За ДЕЛ 1- Набавка на материјали (со работна рака) за тековно одржување на улично осветлување**

Вкупната договорена вредност што може да се плати во текот на една година за ДЕЛ 1 од предметот на набавка, согласно извештајот од е-аукцијата, а по поднесена најниска цена преку ЕСЈН, намалена за 31,9468 % за секоја ставка посебно од првично поднесените цени, на начин опишан во тендерската документацијаизнесува: **555.450,00 ден. без вклучен ДДВ односно 655.431,00 ден. со пресметан ДДВ 18%.**

- **За ДЕЛ 2. Набавка на материјали (со работна рака) за ново улично осветлување**

Вкупната договорена вредност што може да се плати во текот на една година за ДЕЛ 2 од предметот на набавка, согласно извештајот од е-аукцијата, а по поднесена најниска цена преку ЕСЈН, намалена за 12,00 % за секоја ставка посебно од првично поднесените цени, на начин опишан во тендерската документацијаизнесува: **1.257.007,00 ден. без вклучен ДДВ односно 1.483.268,26 ден. со пресметан ДДВ 18%.**

Во согласност со Извештаите за текот на е-Аукцијата генерирани на ЕСЈН и Известување за избор на најповолна понуда единечните цени за изразување на поеделните фази и позиции / за секоја ставка посебно/ се дадени во листите на цени, составен дел на овој Договор.

***Извор на средствата за реализација на договорот и начин на плаќање***

**Член 5**

Средствата за реализација на договорот за јавната набавка се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2018 год., Програма Ј3, Подпрограма Ј30, ставка 423, подставка 423910.

**Член 6**

Плаќањето ќе се врши по доставување на фактура заедно со Извештај за стварно испорачани и монтирани стоки по вид и количина и извршени работи потпишан од овластени претставници од двете договорни страни, во рок од 60 /шеесет/ дена, сметано од денот на приемот на истата во архивата на Договорниот орган.

***Начин и рок на испорака на стоките /изведување на работите***

**Член 7**

Носителот на набавката, стоките/материјалите ќе ги испорачува и монтира на локација одредена од Договорниот орган – франко подрачје на општина Кочани.

Тековното одржување на уличното осветлување ќе се реализира сукцесивно, по поднесено Барање од Договорниот орган до носителот на набавката од потреба за интервенција на улично осветлување на конкретна локација, по кое носителот на набавката за одржување е должен во рок од 1 (еден) ден од денот на пријавата да интервенира на посочената локација, односно да ги испорача и монтира потребните стоки.

За реализација на ДЕЛ 2 Договорниот орган ќе му достави на носителот на набавката барање во кое ќе бидат конкретизирани локацијата, рокот на испорака/монтирање на стоките и други потребни податоци.

Реализацијата на договорот ќе ја следи овластено лице од страна на Договорниот орган.

Доколку Носителот на набавката не се придржува кон утврдениот рок, Договорниот орган има право на договорна казна –пенали во висина од 0,2 % од вкупната вредност на договорот со ДДВ, за секој ден задоцнување, како и надомест на штета и право да го раскине договорот и да ја наплати гаранцијата за квалитетно извршување на договорот.

***Квантитативна и квалитативна контрола***

**Член 8**

Носителот на набавката е одговорен за употреба на материјалите и опремата што не му одговараат на договорениот или пропишаниот квалитет.

Ако Носителот на набавката не ја врши испораката и монтажата на материјалите за улично осветлување според договорените услови, техничките прописи и стандарди, и правилата на струката, Договорниот орган има право да бара запирање на натамошното реализирање на договорот, односно да бара промена на /стоките/ материјалите или употреба на материјали и стока од соодветен квалитет или да бара Носителот на набавката да ги отстрани недостатоците, При тоа, Договорниот орган може да го раскине договорот и да бара од Носителот на набавката надомест на штета што настанала поради неквалитетно извршување на обврските по овој договор или поради раскинувањето на договорот и да ја наплати гаранцијата за квалитетно извршување на договорот.

**Член 9**

Носителот на набавката, по барање на Договорниот орган е должен да достави потврда, атест, сертификат за квалитетот на стоката/те што ќе ги испорачува, според македонските и/или меѓународните стандарди за квалитет.

***Обврски на Носителот на набавката***

**Член 10**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката/те на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој договор.

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката/те на Договорниот орган во исправна состојба.

Обврска на Носителот на набавката е да стапи во контакт со ЕВН за отворање на трафостаниците како би можело да се интервенира на електричната мрежа.

Трошоците за превоз на стоката/те до местата определени од Општина Кочани, трошоците на предавањето, како и оние што му претходат, за монтирање и изградба ги поднесува Носителот на набавката.

**Член 11**

Носителот на набавка е должен да води градежна книга, во која се заведуваат податоци за вид и количина на испорачаната стока/и и вид и начин на извршување на услугите и работите преземени заради реализација на предметот на овој договор.

Градежната книга ја потпишуваат задолжени лица на двете договорни страни.

***Одговорност за недостатоците***

**Член 12**

Носителот на набавката одговара за материјалните недостатоци на стоката/те што таа/тие ги имала/е во моментот на преминувањето на ризикот врз Договорниот орган, без оглед дали тоа му било познато.

Носителот на набавката одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз Договорниот орган ако се последица од причина што постоела пред тоа.

Незначителниот материјален недостаток не се зема предвид.

**Член 13**

Материјален недостаток постои:

1) ако стоката/материјалите ги немаат одликите и својствата за намената за кои ги набавува Договорниот орган, а кои му биле познати на Носителот на набавката или морале да му бидат познати;

2) ако стоката/материјалите ги немаат својствата и одликите што се изречно или премолчно договорени, односно пропишани, и

3) Носителот на набавката испорачал стока/материјали кои не се соодветни на техничките барања во техничката спецификација.

**Член 14**

Договорниот орган е должен по приемот на стоката/материјалите на вообичаен начин да ја прегледа или да ја даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести Носителот на набавката, во рок од осум дена.

**Член 15**

Кога по приемот на стоката/те од страна на Договорниот орган ќе се покаже дека стоката/те има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при нејзиното преземање (скриен недостаток), Договорниот орган е должен, под закана на губење на правото, за тој

недостаток да го извести Носителот на набавката во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот.

**Член 16**

Договорниот орган кој навремено и уредно го известил Носителот на набавката за недостатокот може:

1) да бара од Носителот на набавката да го отстрани недостатокот (исполнување на договорот) или
2) да изјави дека го раскинува договорот.

Во секој од овие случаи Договорниот орган има право и на надомест на штетата.

**Член 17**

Договорниот орган може да го раскине договорот само ако претходно му оставил на Носителот на набавката дополнителен примерен рок од 1/еден/ ден за исполнување на договорот.

Ако Носителот на набавката во дополнителниот рок не го исполни договорот, тој се раскинува според самиот закон.

Раскинувањето на договорот поради недостаток на стоката/те произведува исти дејства како и раскинувањето на двостраните договори поради неисполнување

***Обврски на договорниот орган***

**Член 18**

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде овозможно испораката на стоката/ите и монтажа на истите.

**Член 19**

При сукцесивна испорака, Договорниот орган ја плаќа цената за секоја испорака согласно договорениот начин на плаќање.

Договорниот орган не е должен да ја исплати цената пред да има можност да ја прегледа стоката/те.

***Гаранција за квалитетно извршување на Договорот***

**Член 20**

Согласно Известување од Договорниот орган бр.05-1324/8 од 06.08.2018 год., Носителот на набавката во благовремен рок достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на Договорот бр.605/2018 во еден оригинален примерок издадена од Стопанска Банка АД Скопје-филијала Кочани, со важност од 09.08.2018 год. до 31.08.2019 год. на износ од 106.935,00 ден., со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги испорача и монтира стоките кои се предмет на овој договор.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката. Доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, договорниот орган ќе објави до ЕСЈН негативна референца. За наплатата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот и за објавувањето на негативна референца на ЕСЈН, Носителот на набавката може да покрене спор пред надлежниот суд.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на Договорниот орган.

*Времетраење на важноста на договорот*

**Член 21**

Времетраење на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, но не повеќе од 12 / дванаесет / месеци, сметано од денот на склучување на овој Договор.

[вообичаено времетраење на договорот е времетраењето до конечно испораката на стоките или исцрпување на средствата утврдени за реализација на конкретниот договор].

*Решавање на спорови*

**Член 22**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор,договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусобнодоговарање. Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред стварно и месно надлежен суд.

*Заврши и општи одредби*

**Член 23**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма ,ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РМ.

**Член 24**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 25**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 (четири ) примероци за Договорниот орган и 2 (два) примероци за Носителот на набавката, а стапува на сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни.

| | |
|---|---|
| *за Носителот на набавката* | *за Договорниот орган* |
| *"Електрика" ДООЕЛ Кочани* | *Општина Кочани* |
| *Управител,* | *Градоначалник,* |
| *( Јојо Јованов )* | *( Николчо Илијев )* |

Друштво за трговија и услуги увоз извоз Електрика дооел Кочани

Република Македонија Општина Кочани

Составен дел на овој Договор е :
- листа на цени со намалени единечни цени за 31,9468 % за ДЕЛ 1 и за 12 % за ДЕЛ 2 согласно Извештаи од е-аукција

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Контролирал: Раководител на Сектор за урбанизам и комунални работи –Зоран Манасиев*

**ДЕЛ 1. Набавка на материјали (со работна рака) за тековно одржување на улично осветлување**

| Ред. бр. | Вид на стоки | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ддв | Вкупна цена без ддв |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Набавка и поставување на дрвен импрегниран столб H=8м | бр. | 6 | 5.444,26 | 32.665,32 |
| 2 | Ископ на стопа од 1м3 заедно со бетон МБ30 и анкер кош за челичните столбови | м3 | 4 | 3.606,82 | 14.427,28 |
| 3 | Набавка и положување на следниот кабел: | | | | |
| | Кабел PP00 3x2,5мм2 | м1 | 200 | 37,43 | 7.485,85 |
| | Кабел PP00 3x1,5мм2 | м1 | 200 | 34,03 | 6.805,32 |
| | Кабел X00 2x16/AO | м1 | 3.000 | 40,83 | 122.495,76 |
| 4 | Набавка и монтажа на гривна за бандера | бр | 20 | 183,74 | 3.674,87 |
| 5 | Набавка и монтажа на затега за X00 4x16 | бр | 250 | 68,05 | 17.013,30 |
| 6 | Набавка и монтажа на лимени каѓаци за столб | бр | 50 | 57,85 | 2.892,26 |
| 7 | Набавка и монтажа на ножести осигурачи од 100А | бр | 150 | 129,30 | 19.395,16 |
| 8 | Набавка и монтажа на постоље за ножести осигурачи | бр | 20 | 204,16 | 4.083,19 |
| 9 | Набавка и монтажа на економични сијалици од 20/25А | бр | 50 | 112,29 | 5.614,39 |
| 10 | Репарирање на метален столб (варење, исправање, фарбање, како и демонтажа и монтажа) | бр. | 10 | 3.062,39 | 30.623,94 |
| 11 | Крпење на кабли, испитување и отклонување на електрични спроеви и други проверки и одржување | р.ч. | 100 | 170,13 | 17.013,30 |
| 12 | Користење на специјално возило со корпа | р.ч. | 100 | 510,40 | 51.039,90 |
| 13 | Монтажа на веќе обезбедена опрема за осветлување од живини сијалици, пригушници, стакло, фасонка, тело-арматура, се третира изработено парче | бр | 100 | 13,61 | 1.361,06 |
| 14 | Набавка и монтажа на разводни ормари, шемирани, со сиот пропратен материјал, за командување на уличниот систем по реони. Ормарот да биде според сите стандарди и изведен по еднополна шема | бр | 10 | 17.013,30 | 170.133,00 |
| 15 | Набавка и монтажа на фотосензор со сонда | бр | 15 | 1.088,85 | 16.332,77 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Набавка и монтажа на контрактор /склопка/ЦН 40 А | бр | 10 | 2.586,02 | 25.860,22 |
| 17 | Набавка и монтажа на автоматски осигурачи АО10-25А | бр | 80 | 81,66 | 6.533,11 |
| | | | | Вкупна цена без ддв: | 555.450,00 |

**ДЕЛ 2. Набавка на материјали (со работна рака) за ново улично осветлување**

| Ред. бр. | Вид на стоки | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ддв | Вкупна цена без ддв |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Челичен столб Н=8м со лира и автоматски осигурачи | бр. | 46 | 7.040,00 | 323.840,00 |
| 2 | Ископ на ров за 0,4 х 0,8 | м1 | 1.355 | 145,2 | 196.746,00 |
| 3 | Кабел ПП00 4 х 10 мм2 | м1 | 1.445 | 246,4 | 356.048,00 |
| 4 | Железно поцинкована трака FeZn-25 х 4мм2 | м1 | 1.445 | 70,4 | 101.728,00 |
| 5 | Фундамент со анкер кош и бетон МБ30-----1м3 | бр | 46 | 4.664,00 | 214.544,00 |
| 6 | Користење на специјално возило со корпа | час | 44 | 660,00 | 29.040,00 |
| 7 | Дрвен импрегниран столб Н=8м | бр | 4 | 6.160,00 | 24.640,00 |
| 8 | Ископ на дупка за дрвен столб | бр | 4 | 264,00 | 1.056,00 |
| 9 | Кабел Х00 2 х 16/АО | м1 | 150 | 52,8 | 7.920,00 |
| 10 | Обрач за бандера-гривна | бр | 4 | 229,2 | 916,8 |
| 11 | Затега за кабел Х00 | бр | 6 | 88,00 | 528,00 |
| | | | | Вкупна цена без ддв: | 1.257.007,00 |

*за Носителот на набавката*
*"Електрика" ДООЕЛ Кочани*
*Управител,*

*( Јоцо Јованов )*

*за Договорниот орган*
*Општина Кочани*
*Градоначалник,*

*( Николчо Илијев )*

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Контролирал: Раководител на Сектор за урбанизам и комунални работи –Зоран Манасиев*